Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник“ на Република Северна Македонија број 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и 190/19), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој го објавува следниот

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 03/2021**
**за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка во Рибарството и Аквакултурата за 2021 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на овој повик е доделување на финансиска поддршка за потточките од следните мерки:

| ***Мерка 1*** | ***Финансиска поддршка во рибарството*** | ***Средства*** | ***Максимална вредност на прифатливи трошоци*** |
|---|---|---|---|
| **Потточка 1.3** | Риболовни пункови – изградба на нови, реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови, надомест за услуга за користење на постоечки пунктови | **1.000.000,00 денари** | **1.000.000,00 денари** |
| **Потточка 1.4** | Финансиска поддршка за рехабилитација на риболовни води со доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал. | **1.500.000,00 денари** | **1.500.000,00 денари** |
| **Потточка 1.5** | Изградба и реконструкција на мандри за традиционален лов на риба во Дојранско Езеро | **1.000.000,00 денари** | **1.000.000,00 денари** |

| *Мерка 2* | *Финансиска поддршка во аквакултурата* | *Средства* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци* |
|---|---|---|---|
| Потточка 2.1 | **Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата** | 15.000.000,00 **денари** | 7.000.000,00 денари по поединечен корисник |
| | - Изградба на нови капацитети за аквакултура | | |
| | - Проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура | | |
| | - Изградба на нови капацитети за преработка на рибите | | |
| | - Набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите | | |

## II. КОРИСНИЦИ

Право на користење на средства имаат следните субјекти, и тоа за потточките:

| Субјект | Потточка |
|---|---|
| Единици на локална самоуправа за изградба на нови, реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови, а корисници на средствата за надомест за услуга за користење на постоечки пунктови се концесионерите на рибите. | 1.3 |
| Регистрирани репроцентри за производство на репродуктивен и порибителен материјал | 1.4 |
| Единицата на локална самоуправа или концесионерите на риби за вршење стопански риболов на Дојранско езеро. | 1.5 |
| **Корисници на средства наменети за изградба на нови капацитети за аквакултура се**: Субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и кои поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат капацитет за аквакултура; или поседуваат дозвола за користење на вода за поставување на кафези во зоните предвидени за аквакултура | 2.1 |
| **Корисници на средства наменети за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура се**: Субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура, и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; | 2.1 |
| **Корисници на средства наменети за изградба на нови капацитети за преработка на рибите се**: Субјекти кои се во рангот на микро, мали или средни претпријатија регистрирани за дејност аквакултура и поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат преработувачки капацитети; | 2.1 |
| **Корисници на средства наменети за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите** се субјекти кои се во рангот на микро, мали или средни претпријатија кои поседуваат или користат објект наменет за преработка на риби. | 2.1 |

## III.ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Средствата се наменети за инвестиции за набавка на основни средства, оперативни трошоци поврзани со набавените средства и останати трошоци предвидени со Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2021 година (Сл.Весник бр. 14/21).

За Мерка 2.1, финансиката поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на завршени и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина на 50% од вредноста на одобрените/прифатливи трошоци за инвестиции. Ставката на ко-финансирање се зголемува до 55%, 60% и 65% во случаите кога:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција, за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделското стопанство;

- 60% од вредноста на одобрената инвестиција, за инвестиции во земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;

- 65% од вредноста на одобрената инвестиција, за инвестции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на подедсување или жена носител на земјоделското стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје.

Доделената финансиска поддршка е неповратна.

## IV.УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Барањата за секоја пооделна потточка се доставуваат во оргинален примерок.

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средствата се утврдени во Програмата за финснсиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2021 година (Сл.Весник бр. 14/21).

**Доколку до Агенцијата се поднесат повеќе барања отколку што има расположливи средства согласно Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултуратаза 2021 година, Агенцијата ќе им даде предност на оние баратели кои го поднеле своето барање порано од останатите.**

Барателите не смеат да започнат со реализација на инвестицијата пред потпишување на договор за ко-финансирање со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој.

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Обрасците „Барање за користење на средства" (Образец ПРА –А1) со листата на потребни документи и Упатсвото за корисниците може да се подигне на веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk во делот Рибарство и аквакултура 2021.

Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата на адреса секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој, Бул.„3-та Македонска Бригада" бр.20 (зграда на македонија Табак блок Ц) 1000 Скопје**

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите барања за финансиска поддршка и исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2021 година заедно со целокупната потребна документација се доставуваат на македонски јазик во затворен коверт на кој на предната страна во

горниот лев агол стои ознаката "НЕ ОТВОРАЈ", за Јавен повик број 01/2021 и назначување на шифрата на потточката за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не превзема одговорност за ненавремено и некомплетно пристигнување во писарницата или предвремено отворање на барањето.

**Крајниот рок за доставување на барањата е 24.12.2021 година.**

**Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на проекти и Сектор за одобрување на исплата.

Телефон: 02/3097-460, секој работен ден од 08.30 до 16.30 часот.

Е-пошта:ipardpa.info@ipardpa.gov.mk